


# Литературни творби на
# македонски јазик
# за македонскиот јазик
# од нашите ученици

This Photo by Unknown author is licensed under CC BY-SA.

## ЈАЗИКОТ

ЈАЗИКОТ Е КАКО БИСЕР,
ЈАЗИКОТ Е КАКО ДАР,
ГО ДОБИВАШ КОГА КЕ СЕ РОДИШ
И ГО ИМАШ СЕ ДО СВОЈОТ КРАЈ.

А ДАЛИ ТИ, МАКЕДОНСКО ЧЕДО,
ШТО ГО ЗБОРУВАШ ЈАЗИКОТ,
НА БАБА И ДЕДО,
ДАЛИ ТИ ЗНАЕШ КОЛКУ ВРЕДИ ТОЈ?

ТОЈ ИМА ОГРОМНА ВРЕДНОСТ,
ПОГОЛЕМА И ОД НЕБОТО ШИРНО,
ПОГОЛЕМА И ОД РИДОВИТЕ,ПЛАНИНИ,
ПА И ОД ЕЗЕРОТО НАШЕ МИЛНО.

МИСЛА:
ТРЕБА ДА ГО ЧУВАМЕ И САКАМЕ НАШИОТ ЈАЗИК,
БИДЕЈКИ Е ЕДИНСТВЕН ТАКОВ НА СВЕТОТ.
ДОБРО Е ДА СЕ ЗНААТ МНОГУ ЈАЗИЦИ,
НО ТВОЈОТ МАЈЧИН ЈАЗИК НЕМОЈ НИКОГАШ ДА ГО
ЗАБОРАВИШ.

Доменика
Једиковска

# Македонскиот јазик – нашето најголемо богатство

Секое дете кога ќе се роди најпрво се запознава со својата мајка,го чувствува нејзиниот допир,мирис и го распознава нејзиниот глас.Така и јас како и сите останати.Па можеби и затоа на секое дете првиот збор кој го изговара е зборот ,,мама’’ .Тоа беше и мојот прв збор и тоа изговорен на нашиот македонски јазик. Јазик, кој за мене е најубав во светот,јазик со кој јас најубаво можам да го искажам она што ми лежи на срцето и душата, јазик со кој најубаво се изразувам. Без него животот не би бил толку интересен, забавен и убав. Без нашиот јазик јас и моите другарчиња не би можеле да се дружиме, не би можеле да комуницираме, не би можеле да си пишуваме слатки, мали, тајни писменца и покани за роденден. Без него не би ја научиле нашата азбука со помош на која сите ние се описменивме, не би ги разбирале нашите наставници кои со сите сили се трудат да ни го пренесат своето знаење и искуство. Да не го научевме јазикот безброј книги ќе останеа непрочитани, безброј приказни ќе останеа нераскажани и безброј песнички неиспеани. Затоа и со право можам да речам дека македонскиот јазик е нашето најголемо богатство!Богатство кое треба навистина многу да го негуваме и да го чуваме. Да го заштитиме така што нема да заборавиме на него и ќе се трудиме да читаме многу книги и многу други литературни творби, особено оние кои се напишани од нашите македонски писатели и поети и на тој начин ќе им одадеме почит за нивниот труд и успеси. Ќе научиме многу нови зборови и ќе знаеме како правилно да ги изговараме и пишуваме. Нашиот јазик е наше наследство кое ни е останато од нашите прадедовци и прабаби , кое уште долги години ќе се пренесува од генерации на генерации и никогаш нема да дозволиме да згасне.

Јазику мој,ти што секогаш ми ја топлиш душата и ми го разгалуваш срцето , ти ми даваш храброст и сила да пишувам и творам, да бидам подобра и поуспешна личност! Ти си моја најголема инспирација! Ти си нашата иднина! Ти си нашата сила!

Изработила: Антонија Гошевска 6а

# Петти мај – денот на македонската азбука

Јазикот македонски
е единствен и еден
и тој за нас
треба да е многу вреден.

Тој е како бисер сјаен
како цвет на ливада шарен
тој е јазик кој треба да се чува
македонски јазик се вика.

Македонскиот јозик
е од времиња дамни
и секој од нас
треба да го чува и негува.

Матеа Пејковска

А Б В Г Д Ѓ Е Ж З Ѕ И Ј К Л Љ М Н Њ О П Р С Т Ќ У Ф Х Ц Ч Џ Ш

5 Мај

Македонската азбука
е како птица што пее
и како сонце што грее.

Македонската азбука
вреди колку најнежен цвет
и е најдобрата во целиот свет.

Македонската азбука
е многу милна
и за мене секогаш
ќе биде силна.

Елена Таневска

29.01.2021

Песна за македонската азбука

Македонската азбука е
Убава како цвет.
Нема како нашата
Никаде на овој свет.

Азбуката има роденден
Во мај,
Денот кога буквите
Се покриени со сјај.
Блескаат силно и ни
Шепотат тивко:
- Чувајте нè вредно
Бидејќи ние сме
богатство ваше!

Калин Личев Vв



МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА

ЈАЗИКОТ НАШ Е КАКО СОНЦЕ ШТО БЛИКА
ТОЈ Е СЈАЕН КАКО НАЈУБАВА СЛИКА
ЈАЗИКОТ НАШ Е БЕСКРАЈНО ВРЕДЕН
БЕЗ НЕГО НАШИОТ ЖИВОТ БИ БИЛ МНОГУ БЕДЕН.

ТОЈ Е УБАВ И БИСТАР КАКО ЕЗЕРО МИРНО
А ТОЛКУ Е ВРЕДЕН И ГОЛЕМ КАКО НЕБОТО ШИРНО.

ЕВГЕНИЈА



5 мај - Ден на македонската азбука

Азбуката е најмила на свет,
ја чувам како најубав цвет.
Нашата азбука е како сонце,
што не грее.

Азбуката е наша мајка,
прекасна е како бајка.
Нашата азбука не учи на
многу работи.

Нашата азбука има 31 буква,
сите се од убави до поубави.

Катерина Николовска

## 5 Мај – ден на македонската азбука

Азбуката мила
ми дава многу сила.
Таа е прекрасна
како бели крилја.

Денот нејзин
е на 5 Мај
и тогаш таа
блеска како сјај.

Неа ќе ја сакам
како мајка,
убава како
бајка.

А Е Љ
Н Ш О
Љ Њ В

Анѓелина

а ш

# Ден на Македонскиот јазик

На 5ти мај 1945 год. е усвоена македонската азбука. Денес благодарение на тоа ние говориме, твориме, пишуваме на мајчин јазик, македонски јазик. Денес на овој ден да им се заблагодариме на сите оние кои придонеле за ова да се случи, да го празнуваме овој ден, денот на македонскиот јазик.

м

Македонскиот јазик е потврда за сопствениот идентиет, за прилагодноста кон едно парче земја, за долгот што го имаме кон нашите прадедовци. Јазикот е културно наследство во кое што се обединува духовната и материјална култура на човештвото.

о

„Јазикот е единствената наша татковина. Сé додека го чуваме, негуваме јазикот наш македонски – ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште!!.

Навистина, ако знаеш повеќе јазици ти си побогат, но не по цена на сопствениот. Ниту еден туѓ јазик неможе да го замени мајчиниот јазик.

з к

Нека ни е честит. Денот на македонскиот јазик.

АЗБУКА 5ти мај г




SHOT ON POCO X3 NFC



АЗБУКА
Азбуката е мила, силна сега ќе ве научам како се води.
А буква прва нај стара од сите сега ги чека другите
ПРСТ ме подестува на Претор далмна
Б е сестра на А после неа иде В.
ЌУФХЦЏ се последни букви остана уште една
ГДЃЕЖЗЅИ се следни букви соседка на АБ и В
Ш е нај мала и нај последна буква
ЈКЛ се првите букви од името но додавато и на мене.
ЉМНЊО се букви братучетки на Ј К и Л
С О Ј М К Л А В Ф Н Д